Општина Шуто Оризари-KomunaRepublika onise Orizari-Komuna Shuto Orizari
Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut

Бр- No-Nr. 10-381/9
13.04. 2022 год- berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

Во согласност со член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/20) и врз основа на Предлогот од Комисијата за Урбанизам на Општина Шуто Оризари, со арх.знак 10-381/7 од 05.04.2022 година и Записникот од Партиципативното тело со арх.знак 10-381/8 од 05.04.2022 година, Градоначалникот на Општина Шуто Оризари го донесе следното :

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОДОБРУВАЊЕ ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Се одобрува Проектна програма за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г2.1-Згради од лесна градежна индустрија на КП 499/5 КО Горно и Долно Оризари, во Општина Шуто Оризари.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Друштвото за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје , со адреса Булевар Јане Сандански бр.59-1/1 мезанин, Скопје во име на Инвеститорот Љубица Поповиќ преку својот ополномоштеник Звонимир Поповиќ со адреса на живеење на Булевар ,,АВНОЈ'' бр.886/1-20 од Скопје и полномошното на адвокатската канцеларија Фани Михајловска ул.Лермонтова бр.3/3 од Скопје, на ден 25.03.2022 година преку системот е-урбанизам , со број на постапка 42028 е поднесено Барање со број 40/22-У за одобрување на Проектна програма за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г2.1-Лесна градежна индустрија на КП 499/5 КО Горно и Долно Оризари, Општина Шуто Оризари.Проектната програма со тех.број

40/22-У од март 2022 гоина е изработена од ДПРН ЗУМ ПРОЕКТ ДОО СКОПЈЕ, кој поседува Лиценца за изработка на Урбанистички планови со број 0058 од 25.11.2021 година, издадена од Министерството за транспорт и врски.

Партиципативното тело во Општина шуто Оризари, формирано со Одлука арх.знак 08-471/7 од Советот на Општина Шуто Оризари , арх.знак 08-471/7 од 22.06.2021, согласно записникот со арх.знак 10/381/8 0д 05.04.2022 година, нема забелешки на Проектната програма и Комисијата за урбанизам на Општина Шуто Оризари, формирана од страна на Градоначалникот со Решение број 10-477/1 од 10.06.2021 година, не даде никакви забелешки и испрати Предлог за одобрување на Проектна програма за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г2.1-Згради од лесна градежна индустрија со арх.знак 10-381/7 од 05.04. 2022 година, на КП 499/5 КО Горно и Долно Оризари во Општина Шуто Оризари.

Врз основа на горе наведеното , се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

***Правна поука:*** Против ова решение незадоволната страна може да изјави посебна жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250 денари административни такси.

Општина Шуто Оризари
Градоначалник

Kurto Dudush
Digitally signed by Kurto Dudush
Date: 2022.04.13 11:44:44 +02'00'

Курто Дудуш

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA MAKEDONIJA
ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ - KOMUNA SUTO ORIZARI
ГРАДОНАЧАЛНИК - DIZJAKORO SERUTNO
СКОПЈЕ-SKOPJE